Врз основа на член 384 од ЗТД, Одборот на директори на АД за неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 25.06.2024 год. донесе:

# О Д Л У К А
# ЗА СВИКУВАЊЕ НА ВОНРЕДНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

1. Да се свика вонредно собрание на акционери на АД за неметали "Огражден" Струмица .
   Собранието да се одржи на ден 26.07.2024 година (петок), со почеток во 9 часот, во просториите на АД за Неметали "Огражден" Струмица на ул. "Маршал Тито" бр. 239.
   Собранието на акционери да работи со следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

I Процедурален дел:
1. Утврдување на кворум за работа на Собранието
2. Избор на 1 (еден) бројач на гласови
3. Избор на претседавач на Собранието

II Работен дел:
1. Донесување на одлука за одобрување на продажба на удел на Приватна здравствена установа–Поликлиника на примарно ниво МАРТИНИ Струмица
2. Донесување на одлука за одобрување на продажба на удел на Приватна здравствена установа-аптека МАРТИНИ –ФАРМ Струмица

Се задолжува Општоправниот сектор да спроведе постапка за огласување на јавен повик за одржување на годишното собрание на акционери и истиот да биде објавен во дневниот печат и на официјалната интернет страна на друштвото.

2. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседател на
Одбор на директори
Партенов Зоран

Врз основа на член 384,385,387 став 3, 388, 388-а и 388-б од ЗТД, Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица ОБЈАВУВА:

**П О В И К**

За свикување на вонредно собрание на акционери на АД за неметали "Огражден" Струмица за ден 26.07.2024 година (петок) со почеток во 09 часот, а со следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

I Процедурален дел:

1. Утврдување на кворум за работа на Собранието
2. Избор на 1 (еден) бројач на гласови
3. Избор на претседавач на Собранието

II Работен дел:

1. Донесување на одлука за одобрување на продажба на удел на Приватна здравствена установа–Поликлиника на примарно ниво МАРТИНИ Струмица
2. Донесување на одлука за одобрување на продажба на удел на Приватна здравствена установа-аптека МАРТИНИ –ФАРМ Струмица

Вонредното собранието ќе се одржи во просториите на АД за Неметали "Огражден" Струмица на ул. "Маршал Тито" бр. 239.

Право на присуство, учество во работата и одлучувањето на годишното собранието имаат сите акционери кои се евидентирани во Акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија, лично или преку полномошник со полномошно кое не морада биде заверено кај нотар. Акционерот мора да го извести друштвото по писмен пат за назначување на полномошник на адресата на друштвото, во архивата на друштвото или електронски на електронска пошта contact@ograzden.com.mk

Секој акционер кој сака да учествува во собранието е должен да го пријави своето учество најдоцна до почетокот на седницата.

Акционерите кои поединчено или заедно имаат 5% од вкупниот број на акции со право на глас може да предлагаат точки за дополнување на дневниот ред или да предлагаат одлуки за усвојување на собрание најдоцна 8 (осум) дена по објавувањето на повикот. Прашања може да се поставаат до завршувањето на собранието.

Правилата и начините на постапување, детално, се објавени на веб страната на друштвото www.ograzden.com.mk

Материјалите за работа на годишното собрание ќе бидат достапни на официјалната интернет страница на АД за неметали "Огражден" Струмица и во просториите на АД за неметали "Огражден" Струмица на ул. "Маршал Тито" бр. 239 секој работен ден од 13 - 15 часот.

АД за неметали
"Огражден" Струмица

**Одборот на директори на Акционерскодруштвозанематали ОГРАЖДЕН АД Струмица** со седиште во Струмица на ул. Маршал Тито бр. 239 со ЕМБС 4045297и ЕДБ 4027955118731**на ден 24.06.2024 година ја донесе следната:**

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**
**за одобрување продажба на удел**

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВА** продажба на уделот кој Акционерскодруштвозанематали ОГРАЖДЕН АД Струмица го поседува во Приватна здравствена установа – Поликлиника на примарно ниво МАРТИНИ Струмица со седиште во Струмица на ул.„Атанас Јанев“ бр.5 со ЕДБ 4027013518653 и ЕМБС 6879586, кој претставува 70 % од основната главнина на Приватна здравствена установа – Поликлиника на примарно ниво МАРТИНИ Струмица, кој е со номинална вредност од **140,оо денари** и се состои од паричен влог во износ од 140,оо денари.

**Член 2**

**СЕ ОДОБРУВА** продажбата на уделот кој претставува 70 % од основнта главнина на Приватна здравствена установа – Поликлиника на примарно ниво МАРТИНИ Струмица, кое е со номинална вредност од **140,оо денари**и се состои од паричен влог во износ од 140,оо денари, **да се изврши за продажна цена која не може да биде пониска од 5.167.500,оо денари.**

**Член 3**

Се овластува Одборот на директори на Акционерско друштво за нематали ОГРАЖДЕН АД Струмица, врз основа на оваа одлука да ги презема сите дејствија и соодвени постапки, за што да донесува свои одлуки за реализација на оваа одлука со потенцијални купувачи, како и донесува свои акти и одлуки за утврдување на начинот и роковите на плаќање на купопродажната цена согласно оваа одлука, како и други одлуки за спроведување и реализација постапки за одобрување на продажба на уделот утврдено со оваа одлука, вклучувајќи и продажба на уделот на заинтересирана страна што ќе значи одлука за одобрување зделка со заинтересирана страна но за цена не пониска од продажната цена утврдена во член 2 на оваа одлука, како и други акти и одлуки за измена на оваа одлука согласно одредбите од оваа одлука..

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Место и датум　　　　　　　　　　　　　　Одбор на директори

_____________　　　　　М.П　　　　　_____________

**Одборот на директори на Акционерско друштво за нематали ОГРАЖДЕН АД Струмица** со седиште во Струмица на ул. Маршал Тито бр. 239 со ЕМБС 4045297и ЕДБ 4027955118731**на ден 24.06.2024 година ја донесе следната:**

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**
**за одобрување продажба на удел**

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВА** продажба на уделот кој Акционерско друштво за нематали ОГРАЖДЕН АД Струмица го поседува во Приватна здравствена установа – аптека МАРТИНИ ФАРМ Струмица со седиште во Струмица на ул.„Атанас Јанев“ бр.5 со ЕДБ 4027019531520 и ЕМБС 7399642, кој претставува 100 % од основната главнина на Приватна здравствена установа – аптека МАРТИНИ ФАРМ Струмица со седиште во Струмица.

**Член 2**

**СЕ ОДОБРУВА** продажбата на уделот кој претставува 100 % од основнта главнина на Приватна здравствена установа – аптека МАРТИНИ ФАРМ Струмица со седиште во Струмица, **да се изврши за продажна цена која не може да биде пониска од 461.983,оо денари.**

**Член 3**

**Се овластува Одборот на директори** на Акционерско друштво за нематали ОГРАЖДЕН АД Струмица, врз основа на оваа одлука да ги презема сите дејствија и соодвени постапки, за што да донесува свои одлуки за реализација на оваа одлука со потенцијални купувачи, како и донесува свои акти и одлуки за утврдување на начинот и роковите на плаќање на купопродажната цена согласно оваа одлука, како и други одлуки за спроведување и реализација постапки за одобрување на продажба на уделот утврдено со оваа одлука, вклучувајќи и продажба на уделот на заинтересирана страна што ќе значи одлука за одобрување зделка со заинтересирана страна но за цена не пониска од продажната цена утврдена во член 2 на оваа одлука, како и други акти и одлуки за измена на оваа одлука согласно одредбите од оваа одлука..

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Место и датум                                                  Одбор на директори

______________                    М.П                    ______________